Врз основа на член 21 став (2) од Законот за Воената академија („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/09), а во врска со член 134 став (2) и член 137 став (9) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/18), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВЕН КОНКУРС И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ" – СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Воена Академија Скопје-придружна членка-
Примено: 17-07-2020
Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност:
01 - 113 / 4

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на јавен конкурс и постапката за избор на кандидати за запишување на прв циклус на студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје (во натамошниот текст: Академијата), за потребите на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), како и за запишување на кандидати на студиите за управување со кризи и заштита и спасување, за потребите на Центарот за управувањето со кризи и Дирекцијата за заштитата и спасување.

Член 2

На Академијата се запишуваат кандидати и тоа: студенти питомци на редовно школување, студенти на редовно школување, финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија, редовни и вонредни студенти со кофинансирање на студиите, припадници на вооружените сили на странски држави и странски државјани и лица за стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии.

Член 3

Запишувањето на прв циклус на студии на Академијата, се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува Академијата, по претходна согласност на министерот за одбрана.

## II. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА АКАДЕМИЈАТА

Член 4

На прв циклус на студии на Академијата, може да се запише лице со завршено четиригодишно средно образование, кое ги исполнува условите и критериумите од Законот за високото образование, Законот за Воената академија, Статутот на Воената академија и овој правилник.

Член 5

На прв циклус на студии на Академијата, можат да се запишат кандидати кои ги исполнуваат следните општи услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да завршиле четиригодишно средно образование;
- да не се постари од 21 година и
- да се психофизички способни.

Покрај општите услови од став 1 на овој правилник, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

- да не им е изречена мерка на безбедност- забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да ги исполнуваат безбедносните критериуми од Законот за класифицирани информации, што го утврдува надлежна организациона единица во Министерството;
- успешно да го положат тестот за физичка способност, согласно Тест-програмата за проверка на физичката способност, дадени во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник и
- да го положат приемниот испит по математика и по англиски јазик.

Член 6

Кандидатите државјани на Република Северна Македонија, кои средното образование го завршиле во Република Северна Македонија, или дел од средното образование го завршиле во странство, како и кандидатите кои завршиле меѓународна матура, се запишуваат на прв циклус на студии, под еднакви услови и критериуми.

При изборот на кандидатите за школување на Академијата, се води сметка за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и развој на

родовата перспектива, со почитување на принципите на стручност и компетентност.

Член 7

Студентите што се школуваат на Академијата за потребите на управувањето со кризи и заштитата и спасувањето, на студиската програма кризен менаџмент и заштита и спасување, а се во категоријата на студенти чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија во рамките на бројот утврден со акредитацијата на Академијата, плаќаат партиципација утврдена за школување во државна квота, по претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија.

На Академијата, како редовни студенти на студиската програма кризен менаџмент и заштита и спасување, се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување од овој правилник, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија, кои поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата на студенти финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија, а во рамките на бројот утврден со акредитација на Академијата.

Студентите од став (2) на овој член, се запишуваат со кофинансирање на студиите. Запишувањето во оваа категорија се врши под истите услови и критериуми како и редовните студенти кои се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија, со поднесување на писмена согласност (изјава) за кофинансирање на студиите.

Студентите од став (2) на овој член, при запишувањето, склучуваат договор со Академијата, со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски за остварување на наставно-образовниот процес.

Член 8

Износот на партиципацијата и износот на надоместокот за кофинансирање на студиите и други трошоци, ги утврдува министерот за одбрана согласно закон, на предлог на Наставно-научниот совет на Академијата.

Од партиципацијата од став 1 на овој член, се ослободени лицата без родители и лицата растени во домови за напуштени деца.

Средствата за партиципација од став 1 на овој член, се на товар на Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 9

Припадниците на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од I до VII група, од член 13 став (2) од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, имаат предност при запишување на Академијата, без плаќање на партиципација, во рамките на утврдените квоти од Владата на Република Северна Македонија за бројот на студенти питомци на Академијата, доколку ги исполниле општите и посебните услови за запишување на Академијата и условите од јавниот конкурс.

Правото од став 1 на овој член, кандидатите го остваруваат при пријавувањето на јавниот конкурс, со приложување на документи издадени од надлежен државен орган.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА АКАДЕМИЈАТА

Член 10

Критериуми за избор на кандидати за запишување на прв циклус на студии на Академија се:

- општиот успех на кандидатите по сите предмети постигнати во средното образование;
- успехот од спроведениот приемен испит по математика;
- успехот од спроведениот приемен испит по англиски јазик и
- успехот постигнат на проверката на физичката способност.

Член 11

Вреднувањето на критериумите од член 10 од овој правилник, се изразува во поени.

Максималниот број поени што кандидатот може да ги освои по сите критериуми, изнесува 100 поени.

Општиот успех на кандидатите по сите предмети постигнат во средното образование, учествува со најмногу 60 поени.

На општиот успех постигнат во средното образование, како критериум за запишување, се додаваат:

- успехот од приемниот испит по математика, со најмногу 15 поени;
- успехот од приемниот испит по англиски јазик, со најмногу 15 поени и
- успехот од проверката на физичката подготвеност, со најмногу 10 поени.

Член 12

Вреднувањето на успехот постигнат во средното образование, се врши на тој начин што се собираат сите оценки што се внесени во сведителствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценки и вака добиениот среден успех се множи со 12.

На ваков начин можат да се добијат максимум 60 поени.

Член 13

Вреднувањето на приемниот испит по математика се состои од проверка на знаењето по математика од средното образование, преку Тест-проверка.

Член 14

Вреднувањето на приемниот испит по англиски јазик се состои од проверка на англискиот јазик, преку полагање на Тест- American Language Course Placement (ALCPT).

Член 15

Вреднувањето на физичката подготвеност што се состои од проверка на физичката подготвеност на кандидатите, е дадено во Прилог број 1 од овој правилник.

## IV. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВЕН КОНКУРС И ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА АКАДЕМИЈАТА

Член 16

Запишувањето на кандидатите за прв циклус на студии на Академијата за потребите на Министерството и Армијата, се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува Академијата.

Јавниот конкурс се објавува во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на веб- страницата на Академијата и на Министерството.

Пријавувањето на кандидатите на јавниот конкурс може да биде во три уписни рокови. Првиот уписен рок е во траење од три дена. Доколку во првиот уписен рок не се пополни квотата, за запишување се спроведува втор уписен рок, кој трае два дена. Доколку во вториот уписен рок не се пополни квотата, се спроведува трет уписен рок, кој трае еден ден.

Член 17

Јавниот конкурс за запишување на прв циклус на студии, се објавува најмалку три месеци пред започнувањето на наставата.

Јавниот конкурс содржи:

- име на Академијата и адреса;
- назив на студиската програма;
- место на изведување на студиската програма;
- времетраење на студиите;
- услови за запишување (општи и посебни);
- предвиден број на слободни места за запишување;
- постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите и
- потребни документи.

Член 18

За спроведување на јавниот конкурс, се формира Конкурсна комисија и поткомисии, кои со решение ги формира деканот на Академијата и тоа:

1.Конкурсната комисија, е составена од пет члена, од кои три члена именува деканот на Академијата, а два члена именува министерот за одбрана.

2.Поткомисија за извршување на технички работи ( за прием на документи и обработка на податоците), составена од пет члена.

3.Поткомисија за спроведување на приемниот испит по математика, составена од три члена.

4.Поткомисијата за спроведување на приемниот испит по англиски јазик, составена од три члена.

Член 19

Конкурсната комисијата од член 18 став 1 точка 1. од овој правилник, целосно го следи процесот на избор и селекција на кандидатите за запишување на прв циклус на студии на Академијата, врши увид и контрола над работата на поткомисиите и соработува со Военолекарската комисија и Комисијата за проверка на физичката подготвеност, во процерсот на оценување на психофизичката способност на кандидатите.

Член 20

Постапката за спроведување на приемниот испит по математика и по англиски јазик, се изведува согласно Тест -програмата на Академијата.

Тестирањето на кандидатите се врши анонимно со користење на шифра, наместо име и презиме.

Членовите на Конкурсната комисија може да бидат присутни за време на спроведувањето на приемните испити по математика и англиски јазик.

Член 21

По спроведување на приемните испити по математика и англиски јазик, Конкурсната комисија изготвува првична ранг-листа на кандидатите, во која влегуваат: бројот на поени од средното образование (среден успех), бројот на поени од спроведениот приемен испит по математика и бројот на поени од спроведениот приемен испит по англиски јазик, за секој кандидат.

Член 22

Пред отпочнувањето на проверката на физичката подготвеност, се врши утврдување на психофизичката способност на кандидатите. Оваа проверка е од елиминаторен карактер.

Психофизичката способност на кандидатите, се утврдува преку спроведување на специјалистички прегледи и давање на оценка од страна на Военолекарската комисија.

Член 23

Психолошките тестирања се вршат во Воено медицинскиот центар.

Психолошките тестирања ги спроведуваат стручни лица што ќе ги определи Военолекарската комисија.

Спроведувањето на психолошките тестирања се врши во писмена форма, со цел избегнување манипулација при бодување и обезбедување на писмен доказ во случаи на поднесен приговор на одлуката за избор до Второстепената комисија согласно Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија.

Психолошкото тестирање на кандидатите се врши анонимно, со користење на шифра наместо име и презиме.

Член 24

Кандидатите кои успешно ги завршиле психолошките тестирања, се упатуваат на проверка на психофизичката способност.

Военолекарската комисија врши утврдување на психофизичката способност.

Военолекарската комисија доставува известување потпишано од членовите на комисијата за извршените лекарски прегледи на кандидатите до Конкурсната комисија, во рок од три дена по спроведените прегледи.

При проверка на психофизичката способност, кандидатите треба да имаат документи за утврдување на идентитетот (лична карта или патна испава) и здравствена книшка.

Во случај на поднесување на приговор, Второстепената военолекарска комисија доставува решение кое е конечно.

Член 25

Постапката за проверка на физичката подготвеност, се изведува согласно Тест-програмата, дадена во Прилог 1 од овој правилник.

Проверката од став 1 на овој член, има елиминаторен карактер и во понатамошната постапка нема да се рангираат кандидатите што не ги задоволиле предвидените норми, односно не освоиле најмалку 50% од поените предвидени за секоја дисциплина поединечно, односно вкупно 5 поени од можни 10 поени за сите дисциплини.

При проверката, кандидатите треба да имаат документи за утврдување на идентитетот (лична карта или пасош) и спортска опрема.

Член 26

Во рок од 24 часа по добивањето на сите резултати, Конкурсната комисија изготвува и објавува на огласната табла и на веб-страницата на Академијата прелиминарна ранг-листа на кандидатите за запишување на прв циклус на студии, за секоја студиска програма.

Во ранг-листата од став 1 на овој член се истакнуваат бројот на поени од средното образование (среден успех), бројот на поени од спроведениот приемен испит по математика, бројот на поени од спроведениот приемен испит по англиски јазик, бројот на поени од проверката на физичката подготвеност и вкупниот број на поени, за секој кандидат.

Услов за рангирање и избор на кандидатите за прием на Академијата, е да имаат освоено најмалку 60 поени, добиени по сите основи, од можните 100 поени.

На прелиминарната ранг-листа, кандидатот има право на приговор до Деканатската управа на Академијата, преку Конкурсната комисија, во рок од 24 часа од нејзиното објавување.

Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла и на веб-страната на Академијата, во рок од 24 часа од истекувањето на рокот за поднесување на приговорите.

Одлуката на Управата на Академијата по приговорот е конечна.

Доколку нема пристигнато приговори во соодветниот рок, прелиминарната ранг- листа станува конечна.

Член 27

Во случај два или повеќе кандидати да имаат еднаков број на поени и да не може да се изврши избор на предвидениот број кандидати за прием на Академијата, предност при избор за запишување на Академијата имаат кандидатите кои се добитници на награди и признанија на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветна студиска програма.

Видот и соодветноста на наградите и признанијата од став 1 на овој член, ги утврдува Конкурсната комисија на Академија.

Член 28

По објавување на конечната ранг- листа, Наставно-научниот совет на Академијата, донесува предлог- мислење за истата и го доставува до министерот за одбрана, кој донесува конечно решение за прием на кандидатите од листата.

Посебните права и обврски на кандидатите примени за студенти питомци се уредуваат со договор во согласност со закон и со Статутот на Академијата.

Член 29

Изборот на кандидати за прием на прв циклус на студии од странски држави, се врши во државата која го упатува кандидатот на школување на Академијата.

Член 30

Сите примени кандидати се запишуваат во матичната книга на запишани студенти на Академијата.

За упатување на школување во странство од запишаните студенти на Академијата, решение донесува министерот за одбрана, на предлог на Наставно-научниот совет на Академијата.

Кандидатите кои ќе се упатат на школување во странство, треба претходно да ги исполнат условите за прием на институцијата каде што се упатуваат на школување.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Со јавниот конкурс за запишување на прв циклус на студии на Академијата, може да се утврдуваат и други услови за запишување на Академијата, во согласност со закон.

Член 32

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за условите, критериумите и постапките за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија во Скопје бр. 01-3489/1 од 23.05.2016 година, бр. 01-7144/1 од 09.12.2016 година, бр. 02-3146/1 од 09.06.2017 година, број 03-4355/1 од 14.08.2017 година и бр. 01-1084/1 од 06.02.2019 година.

Член 33

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01 - 3388/1
16 -07- 2020 година
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска-Јанковска

Изработил/Контролирал:Емилија Ралева
Одобрил:Арефат Весељи
Согласен: Драган Николиќ